Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Катерина Антовска, претставник од Министерството за финансии, Здравко Трајанов, в.д. директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, Максим Ацевски, главен државен ревизор и Сашо Павловски, заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 26-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година**

**- Усвојување на Записникот од 30-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година**

**- Усвојување на Записникот од 31-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година**

1. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за експропријација за реализација на Проект за изградба на Коридор 8, делница Кичево – Охрид)

2. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и осма одлука)

3. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта

4. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за сметките: Сметка на основен буџет (637 и 631) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

5. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“

6. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија

7. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом - Велес)

8. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар)

9. Годишна сметка на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2023 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2023 година, Финансиски извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за годината која завршува на 31 декември 2023 година со Извештај на независниот ревизор и Акцискиот план со конкретни мерки и активности за надминување на загубата, со предлог - одлуки

10. Информација за усвојување на промена на ценовници на Јавното претпријатие „Национални шуми“ п.о. Скопје, со дополнителни објаснувања, текстови на ценовници и предлог - одлуки

11. Информација за Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство во 2024 година, со Предлог - програма

12. Информација за Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2022-2026 година (*), со Предлог - одлука

13. Информација за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година, со Предлог-програма

14. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2023 година, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност на Одлуката за поништување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко индустриска развојна зона Гевгелија, бр.02-752/3 од 17.5.2024 година, со Предлог - одлука

16. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движна ствар без надомест во државна сопственост, со Предлог - одлука

17. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (мебел и компјутерска опрема)

18. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Кратово (КП бр.382, КО Живалево, Имотен лист бр.90)

19. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.196495, КО Драчево 2, КП бр.1128/1)

20. Предлог - програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2024 година

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Коце Попов ул.„Методи Џунов Џико“ бр.20 Кавадарци, со Предлог-одлука

22. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи во периодот 27 јануари 2024 година - 8 ноември 2024 година

23. Предлог - одлука за Дваесет и трета емисија на обврзници за денационализација

24. Информација за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

25. Информација за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2024 година

26. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга, со Предлог – решение

27. Информација во врска со донесената Пресуда за арбитажен предмет под бр. 24112/ГР поведен од ЕЛ.ПЕТ Балканики, Сосиете Аноним Петролеум како тужител, против Република Северна Македонија како тужена страна (арбитражен предмет ОКТА)

28. Информација во врска со доставување одговор до ангажираната адвокатската фирма „Лексиа Аввокати“ за давање на определени услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен, а како последица на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река

29. Извештај за извршени преговори за Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло“ и начините на административна соработка, со усогласен текст на Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет

30. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ујкан, Струга, со Предлог - решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотели Метропол - објект Турист, Охрид, со Предлог - решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ши-Том, Скопје, со Предлог - решение

33. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Тим’с, Скопје, со Предлог - решение

34. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Супер 8, Скопје, со Предлог - решение

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од С хотел, Скопје, со Предлог - решение

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Олд конак, Скопје, со Предлог - решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Либеро, Делчево, со Предлог - решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лејквју, Маврово, со Предлог - решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Куќа на уметноста, с. Кнежино, Кичево, со Предлог - решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Изгрев, с.Калишта, Струга, со Предлог - решение

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гранд, Битола, со Предлог - решение

42. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Су, Охрид, со Предлог - решение

43. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бисер, с.Калишта, Струга, со Предлог - решение

44. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Божур, со седиште на ул. „Индустриска зона“ бр. 105 с. Негорци, Гевгелија, со Предлог - решение

45. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фама, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 76 Скопје, со Предлог - решение

46. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Арабела, Кичево, со Предлог - решение

47. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Портал, Скопје, со Предлог - решение

48. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел - ресторан Бунар, Гостивар, со Предлог - решение

49. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аристон, Струга, со Предлог - решение

50. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Генерал Лорд, Битола, со Предлог - решение

51. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Славија бич ресорт, Охрид, со Предлог - решение

52. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лимак, Скопје, со Предлог - решение

53. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Македонија сквер, Скопје, со Предлог-решение

54. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити ин, Кочани, со Предлог - решение

55. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мирор, Петровец - Скопје, со Предлог - решение

56. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Панорамика, Скопје, со Предлог - решение

57. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ангелс вју, Охрид, со Предлог - решение

58. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фершпед, Маврово и Ростуша, со Предлог - решение

59. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Але - Дар, Кочани, со Предлог - решение

60. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гарден, Охрид, со Предлог - решение

61. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бон бон ресорт и спа, Скопје, со Предлог - решение

62. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Игнатиа, Гостивар, со Предлог - решение

63. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Квинс, Скопје, со Предлог - решение

64. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Руссиа, Скопје, со Предлог - решение

65. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од Апартментс & Роомс Венеција, Струга, со Предлог - решение

66. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел ВИП, Берово, со Предлог - решение

67. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити парк со седиште на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.78/А Скопје, со Предлог - решение

68. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Дипломат инвест груп со седиште на ул.„Партизанска“ бр.14-Д во Охрид, со Предлог - решение

69. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Влахо со седиште на ул. „9 Мај“ бр. 3 Скопје, со Предлог - решение

70. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Виптурс 1, Скопје, со Предлог - решение

71. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Стонебридге, Скопје, со Предлог - решение

72. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Антигона парк, Неготино, со Предлог - решение

73. Предлог - одлука за давање на согласност за продолжување на Европскиот АТМ доброволен солидарен фонд во 2025 и 2026 година и за учеството во овој фонд на Република Северна Македонија

74. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Стојановска и други против Северна Македонија А.бр. 2472/23 и седум други апликации против Северна Македонија, со прилози

75. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Маџовски против Северна Македонија (А.бр. 3254/23), со Предлог - одлука

76. Предлог на закон за изменување на Законот за употребата на македонскиот јазик

77. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на културното наследство

78. Предлог на закон за изменување на Законот за музеите

79. Предлог на закон за изменување на Законот за филмската дејност

80. Предлог на закон за изменување на Законот за издавачката дејност

81. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра

82. Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење

83. Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење

84. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење

85. Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Спомeничката целина Крушево за културно наследство од особено значење

86. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки“ на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

87. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Архитектура“ на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје, со Предлог - решение

88. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

89. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Кинезиологија“ на Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

90. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ - Скопје, со Предлог - решение

91. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис адмнистрација“ на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ - Скопје, со Предлог - решение

92. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ЦОУ „Санде Штерјоски“, Кичево и ОУ „Кузман Јосифовски- Питу“, Кичево Ц.О)

93. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Мустафа Кемал - Ататурк“ с.Долно Количани, Студеничани и ОУ „Наим Фрашери“ с.Студеничани, Скопје)

94. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Рилиндија“ с.Лојане, Липково и ООУ „Антон Зако - Чајупи“ с.Отља, Липково)

95. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Тефејјуз“, Скопје)

96. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“, с.Порој, Тетово)

97. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Ацо Шопов“ - Бутел, Скопје)

98. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“-с.Арачиново).

99. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, Гостивар)

100. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Саид Најдени“, Дебар)

101. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

102. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата

103. Информација за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2025 година

104. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година

105. Иницијатива од Дамјан Цветановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.135/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 59-а став 1 алинеја 5 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

106. Иницијатива од Македонското здружение на млади правници од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.199/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 7 став 2 алинеја 1 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.37/22 и 38/22) во однос на зборот „надоместок“

107. Понуда од нотар Игор Ефремоски од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42737, за КО Прилеп, на КП бр.19832, викано место/улица „Тражица“

108. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.242 за КО Криви Дол, на КП бр.170, викано место/улица „Вучеви Ливади“

109. Понуда од нотар Дејан Павлоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/1, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.27498 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/16, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.23649 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/11, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.22543 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/5, викано место/улица „А.Попов“ и Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/2, викано место/улица „А.Попов“

110. Кадровски прашања

111. Прашања и предлози

112. Информација за одржаниот Деветнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 21 септември 2023 година, преку видео - конференциска врска

113. Извештај за реализирани активности во 2023 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2023 година

114. Информација во врска со проект „Воспоставување на анализа на ризик и царински податочен склад за Царинската управа на Република Северна Македонија" финансиран од страна на Владата на Република Кореја

115. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, за периодот април - јуни 2024 година

116. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – п.о. Скопје, за период од 1.4. до 30.6. 2024 година

117. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за второто тримесечје, за период од 1 април 2024 до 30 јуни 2024 година, со дополнување

118. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за период од 1 април до 30 јуни 2024 година

119. Тримесечен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, за периодот април-јуни 2024 година

120. Годишен извештај за реализација на Програмата на промоција и поддршка на туризмот за 2023 година, со дополнување

121. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, со дополнување

122. Информација за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2024 година

123. Информација за престанок и давање на трајно користење на движна ствар (возило), за потребите на Министерството за правда, со Предлог - одлука

124. Предлог - одлука за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт - зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на комунална супраструктура (подземен паркинг)

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, Записникот од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година и Записникот од Триесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за експропријација за реализација на Проектот за изградба на Коридор 8, делница Кичево – Охрид).

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и осма одлука) и условно ја

донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 4**

Владата ги разгледа конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за сметките: Сметка на основен буџет (637 и 631) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), како материјал за информирање.

Истовремено се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 5**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука во соработка со државните студентски домови и Државниот просветен инспекторат да подготват Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард" истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, се задолжува Министерството за образование и наука за спроведување на мерките од Акцискиот план да ја информира Владата на квартално ниво.

**Точка 6**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема развој на системот за гасификација во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на природен гас Номагас Скопје, во државна сопственост, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом - Велес).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Дебар).

**Точка 9**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2023 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2023 година, Финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за годината која завршува на 31 декември 2023 година со Извештај на независниот ревизор и Акцискиот план со конкретни мерки и активности за надминување на загубата, со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на промена на ценовници на Јавното претпријатие „Национални шуми“ п.о. Скопје, со дополнителни објаснувања, текстови на ценовници и предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за цена на шумски декоративен саден материјал (за една садница) класично со бусен и контејнер производство (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за утврдување на максимално откупни цени за шишарки и семе од лисјарски и четинарски дрвени видови (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот на цена на чинење на семенски материјал (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот на цена на чинење на посадочен материјал (за една садница) - екстерни цени за надворешни субјекти (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство во 2024 година, со Предлог - програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Предлог - програмата за изменување и дополнување на Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2022-2026 година (*), со Предлог - одлука за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за здравство да достави мислење по истата.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година, со Предлог - програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година.

**Точка 14**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2023 година, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2023 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и

одржување на Технолошко - индустриска развојна зона Гевгелија, бр.02-752/3 од 17.5.2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко индустриска развојна зона Гевгелија.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движна ствар без надомест во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (мебел и компјутерска опрема).

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Кратово (КП бр.382, КО Живалево, Имотен лист бр.90).

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.196495, КО Драчево 2, КП бр.1128/1).

**Точка 20**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2024 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Коце Попов ул.„Методи Џунов Џико“ бр.20 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи во

периодот 27 јануари 2024 година - 8 ноември 2024 година, ја усвои и ги донесе следниве заклучоци:

1. Да се обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Чешиново - Облешево, со архивски број 24-64/1 од 3.10.2023 година, за природна непогода вренежи од дожд на 16.6.2023 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 469.000,00 денари;

1.2. На Општина Кичево, со архивски број 24-8/1 од 23.1.2024 година, за опожарена плевна на 10.10.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 65.500,00 денари;

1.3. На Општина Кичево, со архивски број 24-9/1 од 23.1.2024 година, за опожарена плевна на 9.10.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 267.075,00 денари;

1.4. На Општина Кичево, со архивски број 24-10/1 од 23.1.2024 година, за штета од пожар, предизвикан од удар на гром, на 26.9.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 73.440,00 денари;

1.5. На Општина Кичево со архивски број 24-11/1 од 23.1.2024 година, за штетата од поплавување на 25.9.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 143.550,00 денари;

1.6. На Општина Кичево со архивски број 24-12/1 од 23.1.2024 година, за штета од пожар на 15.9.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 30.700,00 денари;

1.7. На Општина Македонски Брод со архивски број 24-20/2 од 27.2.2024 година (поврзување со 24-69 од 3.10.2023 година), за штетата од обилните врнежи од дожд на 16.5.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.912.698,00 денари;

1.8. На Општина Пробиштип со архивски број на Комисијата 24-24/2 од 26.3.2024 година (поврзување со 24-70/1 од 20.10.2023 година) за проценета штета од град на 23.7.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.227.000,00 денари.

1.9. На Општина Сарај со архивски број 24-5/3 од 12.6.2024 (поврзување со24-68/2 од 14.12.2023 година) за временската непогода поплава, на 4.7.2023 и 5.7.2023 година, во селата Буковиќ, Ласкарци, Семениште, Горна Матка и Свиларе, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 2.272.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлука за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот од точки 1.1 до 1.9., која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Се укажува на општините согласно заклучокот од точки 1.1 до 1.9 од оваа информација: Чешиново - Облешево, Кичево (24-8/1, 24-9/1, 24-10/1, 24-11/1 и 24-12/1), Македонски Брод, Пробиштип и Сарај, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да доставaт детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи да продолжи со постапката за проценка и утврдување на висините на штетите по предметите од општините наведени во информацијата од точки 2.1-2.16. (Велес, Старо Нагоричане, Тетово, Струмица, Долнени, Чаир, Пробиштип, Гевгелија, Неготино, Кочани, Кавадарци, Битола, Велес, Гостивар, Врапчиште и Аеродром) и 3.1-3.6 (Јегуновце, Крушево, Гази Баба, Дебрца, Кривогаштани и Крива Паланка) по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање и коригирање на документацијата.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ги информира општините од точките 4.1-4.3 (Градско, Кавадарци и Росоман) дека нема законска надлежност да постапува по предметите.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за Дваесет и трета емисија на обврзници за денационализација.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2023 година, во рок од 30 дена.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2024 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2024 година, најдоцна во рок од 30 дена.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Јаблан", Општина Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– варовник на локалитетот „Јаблан", Општина Струга со заклучок во текстот на истото наместо член и заменик - член од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да стои „Мартин Марковски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – член" и „Ѓорги Крстевски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - заменик - член".

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесената Пресуда за арбитажен предмет под бр. 24112/ГР поведен од ЕЛ.ПЕТ Балканики, Сосиете Аноним Петролеум како тужител, против Република Северна Македонија како тужена страна (арбитражен предмет ОКТА) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни постапки да дефинира следни чекори за постапување во врска со донесената Пресуда за арбитражниот предмет под бр. 24112/ГП поведен од ЕЛ.ПЕТ Балканики, Сосиете Аноним Петролеум како тужител, против Република Северна Македонија како тужена страна.

2. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни постапки до Владата да достави нова информација согласно заклучоците кои ќе произлезат од состанокот.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставување одговор до ангажираната адвокатската фирма „Лексиа Аввокати" за давање на определени услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен, а како последица на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 14 дена да подготви предлог со детално објаснување на сите активности во врска со постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со причините за донесување на Одлуката со која престанала да важи Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за

производство на електрична енергија за хидроелектрични централи на Црна Река и истиот да го достави до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни постапки, по добивање на предлог - одговорот од Министерството за животна средина и просторно планирање, да го финализира и да го достави до адвокатската фирма „Лексиа Аввокати" каде што ќе биде наведено дека не се исполнети условите за исплата на „надоместок за успех", наведени во Договорот за правен ангажман бр. 11-6858/1 од 24.6.2021 година, бидејќи Владата не се повлекла од Проектот или одлучила, со свое дискреционо право, да не го финализира процесот со успешниот понудувач.

## Точка 29

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло" и начините на административна соработка, со усогласен текст на Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршените преговори за Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло" и начините на административна соработка.

2. Го прифати усогласениот текст на Одлуката бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло" и начините на административна соработка.

3. Се определува м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Одлуката бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло" и начините на административна соработка.

4. Се задолжува Министерството за економија и труд, најдоцна во рок од пет дена, по потпишувањето на Одлуката бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло“ и начините на административна соработка, да достави до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија предлог на закон за ратификација на Одлуката бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2 во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло“ и начините на административна соработка.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ујкан, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотели Метропол - објект Турист, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ши-Том, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Тим’с, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Супер 8, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од С хотел, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Олд конак, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Либеро, Делчево, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лејквју, Маврово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Куќа на уметноста, с. Кнежино, Кичево, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Изгрев, с.Калишта, Струга, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гранд, Битола, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Су, Охрид, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди - супериор).

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бисер, с.Калишта, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Божур, со седиште на ул. „Индустриска зона“ бр. 105 с. Негорци, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фама, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 76 Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Арабела, Кичево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Портал, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел - ресторан Бунар, Гостивар, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аристон, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Генерал Лорд, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Славија бич ресорт, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лимак, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди - супериор).

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Македонија сквер, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити ин, Кочани, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мирор, Петровец – Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди - супериор).

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Панорамика, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди - супериор).

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ангелс вју, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фершпед, Маврово и Ростуша, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

*

*   *

Владата на седницата, одржана на 3 декември 2024 година повторно ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Маврово, Маврово и Ростуша, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Але - Дар, Кочани, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гарден, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бон бон ресорт и спа, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди – супериор).

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Игнатиа, Гостивар, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Квинс, Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Руссиа, Скопје, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од Апартментс & Роомс Венеција, Струга, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел ВИП, Берово, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити парк со седиште на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.78/А Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Дипломат инвест груп со седиште на ул. „Партизанска“ бр.14-Д во Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Влахо со седиште на ул. „9 Мај“ бр. 3 Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Виптурс 1, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Стонебридге, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Антигона парк, Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за продолжување на Европскиот АТМ доброволен солидарен фонд во 2025 и 2026 година и за учеството во овој фонд на Република Северна Македонија.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Стојановска и други против Северна Македонија А.бр. 2472/23 и седум други апликации против Северна Македонија, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за

пријателско решавање на предметите Стојановска и други против Северна Македонија А.бр. 2472/23 и седум други апликации против Северна Македонија (како во табелата во прилог составен дел на оваа информација);

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 161 апликант од предметите Стојановска и други против Северна Македонија А.бр. 2472/23 и седум други апликации против Северна Македонија, ќе им исплати вкупен износ од 122.750 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант - износот наведен во табелата во прилог составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите Стојановска и други против Северна Македонија А.бр. 2472/23 и седум други апликации против Северна Македонија, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

4. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Врховниот суд на Република Северна Македонија и по потреба во соработка со други институции соодветно, да постапи по заклучокот на Владата бр. 41-2979/4 од 29.3.2023, во делот од заклучоците под реден број 3 и 4 и за тоа соодветно да ја извести Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 20.1.2025 година.

## <u>Точка 75</u>

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Маџовски против Северна Македонија (А.бр. 3254/23), со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (средствата да бидат исплатени најдоцна до 20 декември 2024 година).

## <u>Точка 76</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за употребата на македонскиот јазик, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 77**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на културното наследство, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 78**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за музеите, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 79**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за филмската дејност, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 80**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за издавачката дејност, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 81**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 82**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 83**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

**Точка 84**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

## Точка 85

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за прогласување на Споменичката целина Крушево за културно наследство од особено значење, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки“ на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки“ на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Архитектура“ на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии- докторски студии (180 ЕКТС) по „Архитектура“ на Факултет за инженерство при Меѓународен балкански универзитет - Скопје.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Кинезиологија“ на Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Кинезиологија“ на Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Економија“ на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ – Скопје.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис адмнистрација“ на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис адмнистрација“ на англиски јазик на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ - Скопје.

**Точка 92**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ЦОУ „Санде Штерјоски“, Кичево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ОУ „Кузман Јосифовски - Питу“, Кичево Ц.О).

**Точка 93**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Мустафа Кемал - Ататурк" с.Долно Количани, Студеничани).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Наим Фрашери", с.Студеничани, Скопје).

**Точка 94**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Рилиндија", с.Лојане, Липково).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Антон Зако - Чајупи", с.Отља, Липково).

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Тефејјуз," Скопје).

**Точка 96**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу", с.Порој, Тетово).

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Ацо Шопов" - Бутел, Скопје).

**Точка 98**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу"- с.Арачиново).

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, Гостивар).

**Точка 100**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Саид Најдени“, Дебар).

**Точка 101**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица.

**Точка 102**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од пет дена да донесе Програма за шестдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона зима 2025 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на зимскиот распуст, во учебната 2024/2025 година.

2. Се задолжува министерот за социјална политика, демографија и млади во рок од седум дена да формира Комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да објави повик на веб-страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади и во центрите за социјална работа, во декември 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од пет дена по објавување на јавниот повик, да им укаже на центрите за

социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 104**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот 1 јануари 2024 година - 30 јуни 2024 година и дава позитивно мислење по истиот.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Иницијативата од Дамјан Цветановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.135/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 59-а став 1 алинеја 5 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Од страна на подносителот на Иницијативата оспорен е членот 59-а став (1) алинеја 5 од Законот за градење поради тоа што истиот бил во спротивност со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија. Според подносителот на Иницијативата, спротивно на уставните одредби, наведената одредба предвидувала дека објект во етажна сопственост може да се надгради и догради доколку се согласат мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот. Оваа одредба не го гарантирала правото на сопственост на заедничките делови на објектот на сите сопственици на посебните делови и мнозинството сопственици можеле да одлучуваат и да располагаат со правото на сопственост на заедничките делови на објектот во име и за сметка на сите сопственици ка посебните делови без нивна согласност.

Согласно член 59-а став (1) од Законот за градење, доказ за право на градење во смисла на овој закон се смета:
- имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп или право на службеност на градежното земјиште, кој е составен дел на геодетскиот елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште;
-договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште;
- договор за концесија или договор за јавно приватно партнерство;
- одлука на Владата на Република Северна Македонија со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на Република Северна Македонија, правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија или единица на локална самоуправа се стекнале со право на градење;
- договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот со имотни

листови за посебните делови на објектот, доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост,
- одлука на советот на општината, советот на општината во градот Скопје, односно Советот на Градот Скопје, доколку се работи за доградба и надградба на објект за кој е донесена одлука согласно со членот 67-а став (1) од овој закон,
- изјава од инвеститорот со која истиот ќе потврди дека ја презема обврската да ги регулира имотно-правните односи во текот на изградбата и дека истите целосно ќе ги регулира до поднесување на барањето за одобрение за употреба, односно до подготвување на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер, доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни објекти како што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи и далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичници, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори, системи за наводнување и одводнување, базени на ниво на терен за јавна употреба, градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон, како и за објекти за потребите на државни органи, агенции или фондови основани од Владата на Република Северна Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија, а не се решени имотно-правните односи за целата градежна парцела и
- имотен лист со запишано право на сопственост на Република Северна Македонија или конечно решение за експропријација или имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп или право на службеност на градежното земјиште, доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби, кој е составен дел на геодетскиот елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште.

Согласно членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста, се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Правото на сопственост и другите стварни права се уредени со Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 92/08,139/09 и 35/10). Имено, согласно членот 5 од овој закон, правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите, а членот 122 од истиот закон со кој е уредено правото на доградба и надградба на зграда во етажна сопственост гласи:

„(1) Доградба и надградба на зграда се врши врз основа на детален урбанистички план и урбанистички проект.

(2) Доградба, односно надградба има право да бара сопственик, односно сопственици на постојна зграда. Со доградбата, односно надградбата, сопственикот,

односно сопствениците, стекнуваат право на сопственост и врз доградбата, односно надградбата.

(3) Право на доградба, односно надградба на зграда во етажна сопственост (зграда со два или повеќе станови што им припаѓаат на две или повеќе лица) имаат сопствениците на посебните делови од зградата. За доградбата, односно надградбата, одлучува мнозинството сопственици на посебните делови од зградата кои претставуваат повеќе од половината на вредноста на зградата. Ако за доградбата, односно надградбата, има повеќе интересенти отколку што е предвидено да се изградат нови делови од зградата и ако за тоа не се постигне согласност меѓу нив, по барање на секој од заинтересираните одлучува судот, водејќи сметка за принципот на правичност.

(4) Ако за доградбата, односно надградбата, не се заинтересирани сопствениците на посебните делови од зградата, правото на градење можат да им го отстапат на трети лица со мнозинство гласови на посебните делови од зградата кои вредносно претставуваат повеќе од половина од вредноста на зградата, со тоа што градителот, односно градителите се должни да платат соодветен надоместок за правото на градење врз туѓо земјиште, како и за штетите што можат да бидат предизвикани како резултат на градењето.“

Со членот 59-а од Законот се градење се утврдуваат доказите кои се сметаат како доказ за право за градење при издавање на одобрение за градење при што во зависност од видот на градбата се утврдени повеќе видови на докази. Имено согласно став (1) алинеја 5 од овој член, се утврдува што се смета како доказ за право на градење доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост, односно се пропишува дека во овој случај како доказ за право на градење се смета договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека со предметната одредба се одзема или ограничува сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, како и дека се ограничува правото на сопственост на заедничките делови на објект во етажна сопственост (скали, ходници, лифтови и сл.), бидејќи со членот 59-а став (1) алинеја 5 од Законот за градење се утврдува што ќе се смета како доказ за право на градење на доградба и надградба на објект во етажна сопственост која е предвидена согласно урбанистичка документација, а притоа воопшто не се навлегува во правото на користење на заедничките делови на објектот.

Исто така, имајќи ги предвид горенаведените законски одредби произлегува дека начинот на уредување на правото на градење на доградба и надградба на зграда во етажна сопственост со Законот за градење е во согласност со одредбите од Законот за сопственост и други стварни права кои го уредуваат ова право.

Врз основа на сето погоре наведено, се смета дека членот 59-а став (1) алинеја 5 од Законот за градење не е во спротивност со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 59-а став 1 алинеја 5 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).

## Точка 106

Владата ја разгледа Иницијативата од Македонското здружение на млади правници од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.199/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 7 став 2 алинеја 1 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/22 и 38/22) во однос на зборот „надоместок" и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 7 став 2 алинеја 1 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 37/22 и 38/22).

Според наводите во предметната иницијатива подносителот на истата навел дека Владата на Република Северна Македонија на 15.2.2022 година ја донела Одлуката за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/22 и 38/22) со која се уредува распределбата на социјалните станови. Во членот 3 од Одлуката биле наведени категориите станбено необезбедени граѓани кои можат да бидат корисници на социјални станови, при што во точката 4 биле наведени лицата со попреченост и семејствата со лица со попреченост. Имено, според подносителот Одлуката не содржела дефиниции на терминот „лице со попреченост", но во членот 7 став 1 алинеја 2 посредно го дефинирала терминот на начин што регулирала дека оваа категорија на лица треба да биле „лица со попреченост или семејства на лица со попреченост, согласно Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата". Воедно, според подносителот во продолжение на членот, поконкретно во ставот 2 кој регулира кои документи треба да се достават до Центарот за социјална работа, во алинејата 1 било наведено дека се доставува „Решение од Центарот за социјална работа за

остварување на правото на надоместок за попреченост или правото на посебен додаток".

Исто така, според наводите на подносителот толкувајќи ги ставовите 1 и 2 од членот 7 на Одлуката, логично се доаѓало до заклучокот дека „лице со попреченост" е „лице кое остварувало право на надоместок за попреченост согласно Законот за социјална заштита, односно лице кое остварувало право на посебен додаток согласно Законот за заштита на децата".

Воедно, во Иницијативата е наведено дека вака регулираното прашање било спротивно на членот 4 став 1 алинеја 3, членот 9, членот 35 став 3 и членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со členовите 5 и 25 став 1 и став 2 точка г) од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Согласно член 4 алинеја 5) од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), „Лице со попреченост" е лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите.

Според член 27 од истиот закон, права на парична помош од социјална заштита се гарантирана минимална помош,  надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош.

Според член 44 став 1 од истиот закон, надоместокот заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице.

Согласно став 2 од истиот член, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. Според член 46 став 1 од истиот закон, правото на надоместок заради попреченост се остварува врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца членови и нивни заменици, лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа.

Согласно член 48 од истиот закон, право на надоместок за помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Потреба од помош и нега од друго лице има и лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги врши основните активности од секојдневниот живот.

Согласно член 2 и член 3 од Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/19 и 192/20), за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице се поднесува Барање до Центарот за социјални работи, а кон Барањето се приложува важечка лична карта на увид, мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице, и отпусно писмо од специјалистичка болница и друга медицинска документација, доколку е потребна.

Според член 32 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 236/22), за дете со попреченост до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок, а според став (2) од истиот член, наодот и мислењето за потребата од остварување на посебен додаток се дава од Службата за функционална проценка, согласно Законот за социјална заштита.

Согласно член 33 од истиот закон, дете со попреченост, во смисла на овој закон, е дете со пречки во телесниот развој (тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој), интелектуална попреченост (умерена, тешка и длабока), најтешки облици на хронични заболувања со присутни оштетувања и лимитирани активности, оштетен вид (слепо и практично слепи лица), оштетен слух (практично глуво и тотално глуво), потполно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лице со изгубен или оштетен порано стекнат говор, аутизам и повеќе видови попреченост (комбинирани пречки во развојот).

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека не постои основ за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 став 2 алинеја 1 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија, од следните причини:

- Со одредбите од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за користење на социјалните станови изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/22 и 38/22) опфатени се лицата со попреченост кои се „со трајни промени во

здравствената состојба“, а вклучувањето на лица корисници на правото на надоместок за помош и нега од друго лице автоматски би значело и проширување на корисничките категории кои имаат пристап до социјални станови согласно предметната одлука, со категории на „лица со привремени промени во здравствената состојба“, што не е цел на предметната одлука.

- Во однос на проширување на опсегот за поднесен документ како доказ дека станува збор за лице со попреченост, односно прифаќање на решението за остварување на право на помош и нега од друго лице е неприфатливо, од причина што во рамки на опсегот на корисници на ова право се и лицата кои не можат да бидат дефинирани под категоријата на лица со попреченост.

Врз основа на претходно изнесеното, се смета дека член 7 став (2) алинеја 1 од Одлука за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/22 и 38/22), се во согласност со членот 4 став (1) точка 5 и членот 48 од Законот за социјална заштита и членот 8 став (1) алинеја 3, член 9 и член 35 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, односно е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 7 став 2 алинеја 1 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Игор Ефремоски од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42737, за КО Прилеп, на КП бр.19832, викано место/улица „Тражица“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.242 за КО Криви Дол, на КП бр.170, викано место/улица „Вучеви Ливади“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дејан Павлоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/1, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.27498 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/16, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.23649 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/11, викано место/улица „А.Попов“, Имотен лист бр.22543 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/5, викано место/улица „А.Попов“ и Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4146/2, викано место/улица „А.Попов“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 110**

1. Владата го именува Ристо Симеонов за национален координатор за здравство, а функцијата ќе започне да ја врши сметано од 1 декември 2024 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Хамид Алитовиќ од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправа установа Затвор, Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка.

2.1 Владата го именува Иљбер Незири за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправна установа Затвор, Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Трпе Деаноски за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија.

4. Владата ја разреши Татјана Спасеска од должноста вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Скопје, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

4.1 Владата ја именува Татјана Димитров за вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Скопје.

5. Владата го именува Ристо Николоски за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Ристо Николоски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта поради постоење на состојба на судир на интереси.

7. Владата го одби Барањето бр. 14-11579/1 од 12.11.2024 година поднесено од Горан Трајковски разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и труд, за остварување на право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

8. Владата го разреши Сеат Исмаили од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, на негово барање.

9. Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр.02-5625/1 од 25.11.2024 година, со која за вршител на должноста заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се именува Фуад Халими.

10. Владата го разреши Фарук Мурати од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Скопје.

10.1 Владата го именува Ељвис Муслији за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Скопје.

## Точка 111

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пристапување кон оценка на медиумското влијание и содржините кои произлегуваат од нивната работа, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да ја отпочне постапката за обезбедување на софтвер за оцена на медиумското влијание и конверзија на говор во текст на македонски јазик со „on premise deployment" и за истото да обезбеди финансиски средства од сопствениот буџет.

**2.** Владата во врска со предлогот на Министерството за финансии за условите за кредитна линија од Унгарскиот кредит, а во однос на користење на средствата од кредитната линија за финансирање на инвестициите и развојот на приватните трговски друштва, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да превземат активности околу операционализација на средствата од кредитната линија за финансирање на инвестициите и развојот на приватните трговски друштва (исклучок се странските директни инвеститори кои имале или имаат државна помош) и тоа под следните услови:

- максимален износ по корисник до 10 милиони евра;

- рок на отплата од страна на крајниот корисник до 15 години со вклучен грејс период до 3 години и квартална отплата по завршување на грејс периодот;
- фиксна каматна стапка 1,95%;
- без надомест за одобрување и управување и
- сопствено учество на крајниот корисник од минимум 20% од вредноста на инвестицијата.

2) Средствата од кредитната линија за финансирање на инвестициите и развојот на приватните трговски друштва ќе бидат наменети за финансирање на дејност производство и истите ќе можат да се користат за:

- инвестиции во опрема (машини и останата опрема);
- недвижности (погони, фабрики итн., деловни објекти за сопствена употреба);
- транспортни средства поврзани со производствениот процес;
- обновливи извори на енергија наменети за производство на енергија и
- нематеријални средства (инвестиции во развој и софтвер).

3) Исплатата ќе се врши врз основа на доставени фактури од страна на крајниот корисник со цел обезбедување соодветна контрола на искористувањето на средствата.

4) Средствата од кредитната линија за финансирање на инвестициите и развојот на приватните трговски друштва нема да се користат за следните дејности:

-производство или трговија со  оружје и муниција;
-производство или трговија на алкохолни пијалоци (со исклучок на пиво и вино);
-производство или трговија со тутун;
-дејности поврзани со коцкање, казина и еквивалентни претпријатија;
-активности кои го загрозуваат здравјето или животната средина и
-дејности забранети со националното законодавство.

**3.** Владата го разгледа и прифати Известувањето за постапување, согласно Нацрт- записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година, доставено од Министерството за образование и наука под бр.18-12741/1 од 22 ноември 2024 година.

**4.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од точка 83 Прашања и предлози од Изводокот од Нацрт – записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2024 година, го прифати Барањето и заклучи Министерството за финансии – Сектор за буџет и фондови да се изземе од обврската за номинирање на член и заменик на член во Работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизираната база на податоци за државниот недвижен имот.

**5.** Во врска со проблемите кои се јавуваат при реновирање на куќи и други објекти кои се наоѓаат во делови од градовите прогласени за културно наследство, Владата го задолжи Министерството за култура и туризам да формира работна група која ќе

спроведе детална анализа, дефинирање на овие проблеми и начинот за нивно надминување (потреба за менување на закон) и за добиените сознанија да ја информира Владата на наредната седница.

**6.** Владата ја разгледа и усвои Културната програма за претставување на Република Северна Македонија на EXPO 2025, Осака.

**7.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на Заклучокот од седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 декември 2023 година, по точка 35 (Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна (абдоминална) хирургија - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и ургентен центар, Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија, Скопје) го прифати Предлогот и заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2025 година на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна (абдоминална) хирургија - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и Клинички ургентен центар, Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија, Скопје во вкупна вредност од 290.752.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 59.688.000,00 денари во 2025 година и
- 231.064.000,00 денари во 2026 година.

**8.** По повод Извештајот од седницата на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, одржана на 21 ноември 2024 година, под точка Прашања и предлози, во врска со неприсуствување на членовите на Комисија за човечки ресурси и одржлив развој на седниците на Комисијата, Владата им укажа на членовите на Владата редовно да присуствуваат на седниците на работните тела на Владата на Република Северна Македонија.

**9.** Владата се информираше за Барањето за итно изнаоѓање на решение за обезбедување на имотот на Друштвото, како и за потребата од пополнување на клучни работни места, важни за извршување на одновната дејност на Друштвото Фабрика за шински возила Велес ДООЕЛ – Велес.

**10.** Владата ја разгледа Информацијата со листа на институции членки во НИПП, ја усвои и ги задолжи институциите кои не доставиле да достават степен на реализација и имплементација на Законот за Националната инфраструктура на

просторни податоци на Република Северна Македонија до Агенцијата за катастар на недвижности.

Точка 112

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Деветнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 21 септември 2023 година, преку видео - конференциска врска, како материјал за информирање.

Точка 113

Владата го разгледа Извештајот за реализирани активности во 2023 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 114

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со проектот „Воспоставување на анализа на ризик и карински податочен склад за Царинската управа на Република Северна Македонија“ финансиран од страна на Владата на Република Кореја, за наредната седница на Владата.

Точка 115

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, за периодот април - јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено потребно е да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството на финансии.

Точка 116

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – п.о. Скопје, за период од 1.4. до 30.6. 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 117

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за второто тримесечје за период од 1 април 2024 до 30 јуни 2024 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за период од 1 април до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Исто така, Владата заклучи согласно укажувањето на директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, изнесено на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, да се има предвид итната потреба од вработувања во оперативниот дел на Претпријатието.

**Точка 119**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, за периодот април-јуни 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 120**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 121**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движна ствар (возило), за потребите на Министерството за правда, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за правда (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 124

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт - зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на комунална супраструктура (подземен паркинг) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Министерството за транспорт и Министерството за финансии.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Хасим Муртезани**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**